31.I.1990

РОК–БАЛЕТ

Емилија Џипунова

# Низ магичниот круг на Зодијакот

**Кон праизведбата на рок–балетот „Зодијак“ од Влатко Стефановски и Бодан Арсовски, либрето – Горан Стефановски, кореографија – Олга Милосавлева и режија Рахим Бурхан, на сцената на МНТ**

*Без претензии за драматуршка разработка на некој сегмент од филозофијата на животот како порака на рокот, **Горан Стефановски,** автор на либретото, ја дава само идејата за дванаесетте ѕвезди долж еклиптиката на Сонцето–тема како повод за слободна инспирација–врз која **Влатко Стефановски** и **Бодан Арсовски** ја компонираа динамичната музика, полна со ритам и мелодика, за најновото балетско дело–рок–балетот „Зодијак“, чија праизведба неодамна беше одржана на сцената на Македонскиот народен театар. За реализацијата на овој проект врзани се уште и имињата на познатите театарски творци – **Олга Милосавлева,** кореограф, **Рахим Бурхан,** режисер, **Марина Чутурило,** сценограф и **Елена Дончева,** костимограф.*

*Концептуалната уметност која одамна има освоено многу институционални простори продре и на балетската сцена на МНТ. Тимската работа и професионалната ангажираност на повеќемината автори кон заедничкиот креативен чин, донесе на показ една атрактивна претстава која со сите свои атрибути допре до сензибилитетот на младиот човек.*

*Фабула, во класичниот смисол на зборот, нема–има само теми кои претопувајќи се една во друга го чинат магичниот круг на Зодијакот, низ кои во потрага по љубовта и убавината не водат главните ликови–девојката и младичот.*

*Во текот на музичкото дејствување на дванаесетте музички нумери, со вовед и финале, го препознавме во рок, џез, самба, фанк и диско ритмот, интонативно чистото и технички беспрекорно музицирање на џез–рок бендот „Леб и сол“.*

*Инспиративната музика на Влатко и Бодан кореографски ја визуелизира Олга Милосавлева. Прилагодувајќи се на новиот звук и ритам на музиката, на моменти недоволно убедливо, се естетизирани чекори и движења во стилот на рок и диско балетот, вклучувајќи притоа и елементи од неокласичниот балетски израз – особено во соло и дуетните танци, таа ја прави својата кореографија. Ако ги апстрахираме музички некомпатибилните места со кореографијата ќе забележиме неколку кореографски интерпретативно мошне интересни солистички нумери како и убава творечка комуникација со балетскиот ансамбл. Како на пример Бикот – во интерпретација на технички сигурната и етерична **Ирена Ветерова,** разиграниот, темпераментен **Екрем Хусеин,** на премиерата, и младиот **Драган Панџиловски,** на репризата.*

*Близнаците – во ефектната и суптилна кореографска поставовка, дојде до израз шармантниот и изедначен танц на **Оливера Костова, Ирена Лозинска, Јасмина Крстева, Тања Јанковска, Марина Станковиќ и Ирена Челебиќ.***

*Извонредно осмислената кореографија на Ракот преку чудесната пластичност на телото и поетичноста на движењето беше, без сомнение, најзабележителната интерпретација што ја донесе **Сузана Момировска.***

*Бројните тешки и сложени подршки на адаѓото во Стрелецот, склопени во една убава естетска целина, со извонредна техничка сигурност, високите танчерски вредности толкуваа **Зорица Пуровска и Зоран Велевски** на премиерата и младешки чедна, пластичната и нежно обоената игра на **Тања Вуисиќ,** на репризата.*

*Во мноштвото солистички нумери, **Јагода Сланева** го донесува драмскиот трагич-*

**дан Арсовски, либрето – Горан Стефановски, кореографија – Олга Милосавлева и режија Рахим Бурхан, на сцената на МНТ**

Без претензии за драматуршка разработка на некој сегмент од филозофијата на животот како порака на рокот, **Горан Стефановски,** автор на либретото, ја дава само идејата за дванаесетте ѕвезди долж еклиптиката на Сонцето–тема како повод за слободна инспирација–врз која **Влатко Стефановски** и **Бодан Арсовски** ја компонираа динамичната музика, полна со ритам и мелодика, за најновото балетско дело–рок–балетот „Зодијак“, чија праизведба неодамна беше одржана на сцената на Македонскиот народен театар. За реализацијата на овој проект врзани се уште и имињата на познатите театарски творци – **Олга Милосавлева,** кореограф, **Рахим Бурхан,** режисер, **Марина Чутурило,** сценограф и **Елена Дончева,** костимограф.

Концептуалната уметност која одамна има освоено многу институционални просто-

фанк и диско ритмот, интонативно чисто и технички беспрекорно музицирање на џез–рок бендот „Леб и сол“.

*Инспиративната музика на Влатко и Бодан кореографски ја визуелизира Олга Милосавлева. Прилагодувајќи се на новиот звук и ритам на музиката, на моменти недоволно убедливо, се естетизирани чекори и движења во стилот на рок и диско балетот, вклучувајќи притоа и елементи од неокласичниот балетски израз – особено во соло и дуетните танци, таа ја прави својата кореографија. Ако ги апстрахираме музички некомпатибилните места со кореографијата ќе забележиме неколку кореографски интерпретативно мошне интересни солистички нумери како и убава творечка комуникација со балетскиот ансамбл. Како на пример Бикот – во интерпретација на технички сигурната и етерична* ***Ирена Ветерова,*** *разиграниот, темпераментен* ***Екрем Хусеин,*** *на премиерата, и младиот* ***Драган Пандиловски,*** *на репризата.*

*Близнаците – во ефектната и суптилна кореографска постановка, дојде до израз шармантниот и изедначен танц на* ***Оливера Костова, Ирена Лозинска, Јасмина Крстева, Тања Јанковска, Марина Станковиќ и Ирена Челебиќ.***

*Извонредно осмислената кореографија на Ракот преку чудесната пластичност на телото и поетичноста на движењето беше, без сомнение, најзабележителната интерпретација што ја донесе* ***Сузана Момировска.***

*Бројните тешки и сложени подршки на адаѓото во Стрелецот, склопени во една убава естетска целина, со извонредна техничка сигурност, високите танчерски вредности толкуваа* ***Зорица Пуровска и Зоран Велевски*** *на премиерата и младешки чедна, пластичната и нежно обоената игра на* ***Тања Вуисиќ,*** *на репризата.*

*Во мноштвото солистички нумери,* ***Јагода Сланева*** *го донесува драмскиот трагичниот лик на Јарецот, а* ***Виолета Радовановиќ и Владо Чанев,*** *под знакот на Лавот, симболично ја претставија доминацијата на рокот. Балетскиот ансамбл ослободен од строгите принципи на класичниот балет, дисциплинирано и разиграно во ритмот ги реализираа поставените задачи.*

*Кохерентноста на претставата, во отсуството на фабула и драматуршки начела, како окосница на секој театарски чин, ја даде осмислената режиска постапка на* ***Рахим Бурхан.***

*Ликовниот елемент – декор, светло и боја кои се во функција на претставата ги прави* ***Марина Чурурило,*** *а галеријата од убави костими – избор на бои, материјали и крој–се дело на* ***Елена Дончева.*** *Музиката на магнетофонска лента ја снимил* ***Братислав Зафировски.*** ■